Советот на Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија врз основа на член 22 и 36 од Статутот, на седница одржана на ден 10.02.2017 година донесе:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Целта за формирање на Солидарниот фонд е дел од средствата со кои располага Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија (во понатамошниот текст Самостојниот Синдикат) да биде наменет за помагање и подобрување на материјалните, економските и социјалните услови на живеење на неговите членови. Со овој Правилник се уредуваат изворите на средствата, корисниците, критериумите, намената и постапката за остварување на правото на користење на средствата од Солидарниот фонд (во понатамошниот текст: фонд )

## II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**Член 2**

Средствата наменети за солидарна помош на членовите на Синдикатот се исплаќаат од приходите кои ги остварува Самостојниот синдикат.

## III. КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

**Член 3**

Корисници на средствата од Фондот, се членовите на Самостојниот синдикат, кои редовно плаќаат членарина во последните 12 месеци, како и членовите на нивните потесни семејства. Времетраењето на членувањето на барателот на помош, се утврдува со потврда издадена од страна на претседателот и благајникот на Синдикалната организација во која членува барателот.

**Член 4**

Членови на потесното семејството во смисла на предходниот член се сметаат: брачен другар и децата до 26 годишна возраст. За децата над 18 години се доставува потврда дека се студенти или се невработени, а живеат во заедничко семејство со родителот кој е член на Самостојниот синдикат. По исклучок од став 1 на овој член, на лице член на потесното семејство, со траен инвалидитет или со постојан физички или психички хендикеп кои се работно неспособни, а не се приматели на средства за туѓа нега, а кое има над 26 години има право на еднократна парична помош со одлука на Комисија.

## IV. ОСНОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ

**Член 5**

Членовите на Самостојниот синдикат имаат право на користење на средствата од Фондот во вид на парична помош по следните основи:
1 за боледување;
2. надоместок за трајна неспособност за работа;
3. за смрт на работник;
4. за смрт на членови од потесно семејство;

### 1. Право на парична помош за боледување

**Член 6**

Во случај кога повеќе од 31 календарски денови, работникот ќе биде спречен да работи заради болест, несреќа на работа или професионално заболување, парична помош се доделува во зависност од должината на боледувањето и тоа:

- од 31-60 денови во висина од 15%
- од 61- 120 денови во висина од 25%
- над 121 ден во висина од 35%

Основица за пресметка е просечната исплатена нето плата на работникот - подносителот на барањето, од последната исплатена плата на работникот, но не повеќе од износот на просечна нето плата по работник во Република Македонија во последните 3 месеци. Исплатата се врши еднократно по заклучување на боледувањето, а се докажува со листа за боледување и друга медицинска документација, и потврда за исплатена плата.

ул. Мајка Тереза бр. 17 - Скопје
тел./факс + 389 (0) 2 3147 116
ul. Majka Tereza br.17 - Skopje
tel./fax +389 (0)2 3 147 116
e mail: sskc.sindi@yahoo.com

**2. Право на парична помош за трајна неспособност за работа**

**Член 7**

Ако работникот поради несреќа на работа или професионално заболување остане трајно неспособен за работа, има право на парична помош од 50% од последна исплатена нето плата на работникот - подносител на барањето. Исплатата се врши еднократно, а се докажува со соодветна документација за трајна неспособност за работа во рок од 6 месеци по добивање на Решение од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

**3. Право на парична помош за смрт на работник**

**Член 8**

Семејството на починат работник има право на еднократна парична помош и тоа:

- за смрт на работник од несреќа при работа и тоа една просечна исплатена нето плата по работник во Република Македонија, во предходните три месеци во календарската година.

- за смрт на работник од болест или несреќа надвор од работниот процес, има право на парична помош од 50% од просечна исплатена нето плата по работник во Република Македонија, во предходните три месеци во календарската година. Документите се доставуваат најдоцна 6 месеци по настанување на случајот.

**4. Право на парична помош за смрт на членови од потесно семејство**

**Член 9**

Членот на Самостојниот синдикат, има право на еднократна парична помош и тоа:

- за смрт на брачен другар доколку бил невработен и тоа 50% од просечна исплатена нето плата по работник во Република Македонија во предходните три месеци во календарската година.

- за смрт на брачен другар кој бил вработен, а барателот издржува малолетни деца, се исплатува 50% од просечна исплатена нето плата по работник во Република Македонија, во предходните три месеци во календарската година.

- за смрт на дете, 60% просечна исплатена нето плата по работник во Република Македонија, во предходните три месеци од календарската година. Документите се доставуваат најдоцна 6 месеци по настанувањето на случајот.

ул. Мајка Тереза бр. 17 - Скопје
тел./факс + 389 (0) 2 3147 116

ul. Majka Tereza br.17 - Skopje
tel./fax +389 (0)2 3 147 116
e mail: sskc.sindi@yahoo.com

## V. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

**Член 10**

Секој член на Самостојниот синдикат кој најмалку 12 последователни месеци плаќал членарина има право да поднесе барање за остварување на правата утврдени со овој Правилник. Кон молбата доставена преку синдикалната организација задолжително се поднесува целокупната документација потребна за остварување на правата согласно овој Правилник.

**Член 11**

Барањата писмено образложени се доставуваат до Комисијата за Солидарен фонд (во понатамошниот текст Комисија). Комисијата брои седум члена, а Претседателот и членовите на Комисијата со одлука ги именува Советот. Комисијата може да работи ако присуствува мнозинство од вкупниот број на членови на Комисијата.

**Член 12**

Барањата доставени од синдикалните организации кои не ја уплатуваат членарината на Самостојниот Синдикат нема да бидат разгледувани од Комисијата.

**Член 13**

Комисијата донесува одлуки со мнозинство на гласови од присутните членови. Одлуката на Комисијата за позитивно решените барања е конечна. По жалба на донесената одлука на Комисијата, одлучува Извршниот одбор на Самостојниот синдикат. Рок за поднесување на жалбата изнесува 8 дена по доставувањето на одлуката.

**Член 14**

Извршниот одбор на Самостојниот синдикат одлучува за видовите на парична и друга помош кои се опфатени во член 61 од Статутот на Самостојниот синдикат и тоа:

- помош во вонредни состојби;
- еднократна парична помош;
- позајмица и
- друга помош.

Условите и висината на доделувањето на паричната и друга помош ги утврдува Извршниот одбор.
Одлуката на Извршниот одбор е конечна.

ул. Мајка Тереза бр. 17 - Скопје
тел./факс + 389 (0) 2 3147 116
ul. Majka Tereza br.17 - Skopje
tel./fax +389 (0)2 3 147 116
e mail: sskc.sindi@yahoo.com

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Административно техничките работи за Фондот ги води стручната служба на Самостојниот синдикат.

**Член 16**

Овој Правилник го донесува Советот на Самостојниот синдикат.

**Член 17**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат со одлука на Советот на Самостојниот синдикат, а по предлог на Комисијата за Солидарен фонд или Извршниот одбор.

**Член 18**

Правилникот влегува во сила од денот на неговото донесување.

Скопје, 10.02.2017 година

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

_______________________
д-р Горан Беговиќ